Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**февруари 2026 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР ..... 3**

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 4

Индекси на прометот во индустријата ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7

Промет во секторот трговија ..... 7

Инфлација ..... 8

Берзански цени ..... 9

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ..... 11**

Извоз ..... 11

Увоз ..... 12

Салдо на трговска размена ..... 13

Валутна структура ..... 13

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ..... 14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 14

Расходи по буџетски корисници ..... 16

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ..... 17**

Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 17

Плати ..... 18

Пензии ..... 19

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ..... 20**

Примарни пари ..... 20

Кредити на банките ..... 21

Каматни стапки на депозитни банки ..... 22

Пазар на капитал ..... 22

Девизни резерви ..... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## февруари 2026 година

- Во февруари 2026 година, индустриското производство забележа пад од 4,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во февруари 2026 година изнесува 2,9% на годишно ниво и истата овој месец забави споредено со претходниот месец (3,2% во јануари 2026 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи раст од 0,2%;
- Во периодот јануари - февруари 2026 година извозот и увозот забележаа раст од 2,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 2,5% споредено со истиот период од 2025 година;
- Во периодот јануари – февруари 2026 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 49.257 милиони денари, што претставува 13,1% од планираниот износ за 2026 година, односно зголемување за 1,3% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2025 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – февруари 2026 година изнесува 67.894 милиони денари, што претставува 16,4% од годишниот план и бележи зголемување од 15,7% во однос на истиот период од 2025 година;
- Во февруари 2026 година, вкупните кредити се зголемија за 12,6% во споредба со февруари 2025 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,9%;
- Просечната исплатена нето-плата во јануари 2026 година, достигна 46.617 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 8,3% и реален раст од 4,9%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 107.016 денари.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

MФРСМ.Ф.8.5/9-2

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

## 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

### Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Во февруари 2026 година, индустриското производство забележа пад од 4,2% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во сите сектороти: Рударство и вадење камен за 9,6%, Преработувачка индустрија за 1,9%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 17,2%.

Пад на производството во февруари 2026 година бележат 17 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 50,8% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, во февруари 2026 го дина е забележан раст кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 5,2% со придонес од 0,8 п.п. и производството на електрична опрема за 3,9% со придонес од 0,3 п.п., додека намалување се забележува кај производството на машини и уреди за 13,5% со придонес од -0,8 п.п., и производството на метали за 18,9% со придонес од -0,6 п.п.

Од традиционалните гранки во февруари 2026 година, зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на пијалаци за 47,3% со придонес од 1,9 п.п., производство на прехранбени производи за 2,0% со придонес од 0,2 п.п., и преработка на дрво и производи од дрво за 5,8%, со придонес од 0,1 п.п., додека намалување се забележува кај гранките: производство на тутунски производи за 27,2% со придонес од -0,6 п.п., производство на текстил за 8,2% со придонес од -0,3 п.п., производство на облека за 5,4% со придонес од -0,3 п.п. и производство на кожа за 0,6% со незначителен придонес.

Индустриското производство според намената на произведените единици во февруари 2026 година споредено со февруари 2025 година е зголемено единствено кај групите: Капитални производи (раст од 2,1%, со придонес од 0,5 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 0,2%, придонес од 0,1 п.п.), додека производството е намалено кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 6,9%, придонес од -2,2 п.п.), Енергија (пад од 19,0%, придонес од -1,4 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 12,0%, придонес од -0,4 п.п.). Според намената на произведените единици, во периодот јануари – февруари 2026 година е регистриран пад во сите групи: Енергија (за 8,7%), Интермедијарни производи, освен енергија (за 1,8%), Капитални производи (за 1,3%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 11,3%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 9,3%).



**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(процентни поени, февруари 2026 година)*



**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(процентни поени, февруари 2026 година)*

Во периодот јануари – февруари 2026 година, гранките со најголем негативен придонес се Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место (пад од 14,6%, придонес од -0,8 п.п.) и Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (пад од 22,6%, придонес од -0,8 п.п.), додека најголем позитивен придонес кон растот има Производството на пијалаци (раст од 21,5%, придонес од 0,9 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Во февруари 2026 година, бројот на работници во индустријата е намален за 3,4% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 6,3%, Преработувачка индустрија за 3,4%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,4%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на компјутерски, електронски и оптички производи за 10,7%, производство на тутунски производи за 7,0% и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 3,5%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*



Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2026 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи единствено групата Трајни производи за широка потрошувачка за 1,6%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – февруари 2026 година бележи пад за 3,5%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 6,2%, Преработувачка индустрија за 3,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – февруари 2026 година е зголемен единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 1,7%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во февруари 2026 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,5% во споредба со истиот месец минатата година.

Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 4,8%, Преработувачка индустрија за 3,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 11,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 5,4%.

Во февруари 2026 година во споредба со февруари 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 10,4%, Интермедијарни производи, освен енергија за 1,3%, Производи за широка потрошувачка за 4,6%, Трајни производи за 3,2% и Нетрајни производи за 4,6%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




На кумулативна основа, во периодот јануари – февруари 2026 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,5%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 4,9%, Преработувачка индустрија за 3,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 10,5% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 5,4%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




Во периодот јануари – февруари 2026 во споредба со јануари – февруари 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 10,0%, Интермедијарни производи, освен енергија за 1,8%, Производи за широка потрошувачка за 4,4%, Трајни производи за 2,4% и Нетрајни производи за 4,5%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во февруари 2026 година во однос на февруари 2025 година бележи раст од 1,6%. Падот се должи на зголемениот промет во секторите: Рударство и вадење камен за 15,7%, и Преработувачка индустрија за 1,2%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во февруари 2026 година во споредба со февруари 2025 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи освен енергија за 2,9%, Трајни производи за широка потрошувачка за 6,4% и Нетрајни производи за 6,2%, додека прометот забележа пад во групата Капитални производи за 2,0%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во февруари 2026 во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на тутунски производи (раст од 83,3%);
- Вадење на руди на метал (раст од 23,1%) и
- Производство на компјутерски, електронски и оптички производи (раст од 20,4%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – февруари 2026 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи пад од 3,7%, што се должи на намалениот промет во секторите Рударство и вадење камен за 1,6% и Преработувачка индустрија за 3,8%.

Во периодот јануари - февруари 2026 година во споредба со периодот јануари – февруари 2025 година прометот во индустрија се намали во групите: Интермедијални производи, освен енергија за 4,8% и Капитални производи  за 5,6%, додека прометот се зголеми во групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 0,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,5%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февуари 2026 година, споредено со јануари 2025 година, се забележува намалување кај одобренијата за градење (256 одобренија за градење во јануари 2026 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 244 што претставува пад од 10,3% во однос на истиот месец од 2025 година. Ваквиот пад се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за високоградба за 26,3% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 70,9%), кај бројот на издадени одобренија за нискоградба за 65,8% и објектите за реконструкција за 25,8%. Пад се забележува и кај инвеститорите деловни субјекти, додека кај инвеститорите физички лица е забележан раст. Доколку се гледа според региони, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во Полошкиот регион и Југоисточниот регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(февруари 2026)*




Извор: ДЗС.

Споредено со јануари 2026 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 4,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2026 година е повисока за 195,4% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 234,7%. Зголемената вредност се должи на фактот дека во референтниот период е издадено одобрение за градба на ветерен парк за производство на електрична енергија од ОИЕ со капацитет до 132 MW на територија на Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 173 (или 70,9%) се наменети за објекти од високоградба, 25 (или 10,2%) за објекти од нискоградба и 46 (или 18,9%) за објекти за реконструкција.



Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 244 издадени одобренија за градење, на 174 објекти (или 71,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 70 објекти (или 28,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во февруари 2026 година предвидена е изградба на 309 стан со вкупна корисна површина од 36.919м². Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 50,0% на месечно ниво, а за 51,3% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во јануари 2026 година изнесувала 2.020 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 14,7%, при што раст се забележува кај нискоградбата за 24,6% и кај специјализираните градежни работи за 52,4%, додека пад се забележува кај виокоградбата за 12,4%. Споредено со декември 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи пад од 72,8% и тоа кај високоградбата за 78,2%, кај нискоградбата за 67,7% и кај специјализираните градежни работи за 85,3%.



**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)

## Промет во секторот трговија

Во февруари 2026 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен пад на прометот за 16,7%, по растот од 0,1% во јануари 2026 година. Вредноста на прометот во февруари 2026 година изнесува 52.735 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари-февруари 2026 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 114.081 милиони денари, што е за 8,4% помалку во однос на истиот месец од минатата година.



**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)

Кумулативно во периодот јануари-февруари 2026 позитивен раст на прометот е забележан кај секторите: трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува

53.291 милиони денари, што е за 6,2% повеќе во споредба со истиот период од минатата година и кај трговија на моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 6.450 милиони денари, односно е за 3,8% помалку во однос на истиот период од минатата година, додека пад е забележан кај трговија на големо, чија вредност на прометот за тој период изнесува 54.340 милиони денари, односно е за 19,7% помалку во однос на истиот период од минатата година.

На реална основа, во февруари 2026 година трговијата на мало бележи годишен раст од 4,4%, исто така анализирано по групи и класи, зголемување се забележува и во групите: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 11,1% и трговија на мало со непрехранбени продукти за 3,0%, додека намалување се забележува во групата трговија на мало со автомобилски горива за 8,5%.

Во февруари 2026 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на мало (49,4%), а потоа следуваат Трговија на големо (43,7%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (7,0%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во февруари 2026 година изнесува 2,9% на годишно ниво и истата овој месец забави споредено со претходниот месец (3,2% во јануари 2026 година). Инфлацијата овој месец во голем дел произлегува од забрзувањето на базичната компонента, додека прехранбената компонента регистрира забавување. Просечната инфлација во периодот јануари-февруари 2026 година изнесува 3,0% на годишно ниво.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во февруари 2026 година регистрираше забрзување споредено со претходниот месец и изнесува 3,2% на годишна основа (2,9% во јануари).




Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, овој месец се зголемија за 3,9% и истите забележуваат забавување на растот во споредба со претходниот месец (52% во јануари), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација изнесува 1,6 п.п. и истиот е намален за 0,5 п.п во споредба со претходниот месец.




Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*

Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: месо[1] (годишен раст од 7,9% и придонес од 0,7 п.п.), млеко, други млечни производи и јајца (годишен раст од 4,2% и придонес од 0,3 п.п.), овошје (годишен раст од 16,3% и придонес од 0,3 п.п ), кафе и замени за кафе (годишен раст од 21,2% и придонес

[1] Согласно новата класификација, поткатегоријата месо е дефинирана како 'Живи животни, месо и други делови од заклани копнени животни'

од 0,3 п.п ) и шеќер, слатки и десерти (годишен раст од 8,9% и придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во храната овој месец имаше зеленчукот од 0,3 п.п. и се намали за 7,0% на годишно ниво.

Гледано по компоненти, раст на цените е регистриран и кај следните категории, и тоа: Рекреација, спорт и култура од 5,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,9%, Покуќнина, опрема за домаќинства и редовно одржување на домаќинствата од 4,6%, Ресторани и услуги за сместување од 4,1%, Храна и безалкохолни пијалаци од 3,9%, Услуги за образование за 3,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,8%, Облека и обувки од 2,6%, Лична нега, социјална заштита и разновидни стоки и услуги од 2,1%, Здравствена заштита од 2,0%, Осигурување и финансиски услуги од 1,7% Информации и комуникации од 1,6%. Цените се намалија во категоријата Транспорт за 4,4%.

Потрошувачките цени во февруари се зголемија за 0,2% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,7%) и притоа најголем придонес во растот имаа цените на храната и облеката

Раст на цените е регистриран во категориите: Услуги за образование од 4,0%, Облека и обувки за 1,1%, Лична нега, социјална заштита и разновидни стоки и услуги од 0,9%, Рекреација, спорт и култура и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од по 0,3% и Храна и безалкохолни пијалаци и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,2%.

Пад на цените е регистриран во повеќе категории: Транспорт од 0,8%, Здравствена заштита од 0,6%, Покуќнина, опрема за домаќинства и редовно одржување на домаќинствата за 0,5%, Информации и комуникации од 0,2% и Ресторани и услуги за сместување од 0,1%. Цените за Осигурување и финансиски услуги останаа непроменети.

Во Еврозоната стапката на инфлација во февруари 2026 година се зголеми на 1,9%[2] од 1,7% во јануари 2026 година.

Според најновите проекции на Европската централна банка (ЕЦБ), инфлацијата во еврозоната ќе остане над целта во 2026 година, со стапка од околу 2,6%, а потоа ќе се намали на околу 2,0% во 2027 година, приближувајќи се кон целното ниво од 2%. Повисоката инфлација во краток рок главно се должи на енергетските цени и геополитичките ризици, додека базичната инфлација останува релативно упорна поради растот на платите и цените на услугите. На среден рок се очекува постепено стабилизирање, иако неизвесноста околу енергијата и платите останува значајна.

## Берзански цени

Во февруари 2026 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се зголеми за 6,5% на месечно ниво и

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[2] Податокот е процена на Евростат

изнесува 71,2 долари за барел. Цените на нафтата во февруари 2026 година се зголемија поради ескалација на конфликтот со Иран кон крајот на месецот, ризици за транспортот преку Ормускиот теснец и пораст на неизвесноста на пазарот поради можни нарушувања во понудата. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 5,4%.

Во февруари 2026 година, цената на природниот гас[3] се намали за 32,6% на месечно ниво. Цената на природниот гас се намалија во февруари 2026 поради помала побарувачка поради поволни временски услови, зголемени залихи и стабилни увозни текови, што ја намали загриженоста за снабдување. Во февруари, цената на природниот гас се намали за 21% на годишно ниво.

**Графикон 1.17:** Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електричната енергија во февруари 2026 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 113,29 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше пад од 24,7%. Во февруари цената на електричната енергија се намали за 28,7% на годишно ниво.

Во февруари 2026 година, повеќето цени на основните метали на месечно ниво регистрираа намалување и тоа: олово за 3,9%, никел за 3,4%, алуминиум за 2,4% и бакар за 0,5%. На месечно ниво цената на цинкот се зголеми за 3,5%. Железната руда регистрираше пад од 6,3% на месечно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

На месечна основа, во февруари 2026 година цената на златото се зголеми за 5,6%. Цената на среброто и платината, од друга страна се намалија за 11,0% и 12,2%, соодветно.

Во февруари цената на пченката се зголеми за 2,5% на месечно ниво, а цената на пченицата се зголеми за 6,8%. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 0,3% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Електрична енергија (EUR/MWh) | Брент сурова нафта($/bbl) | Природен гас – Европа ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |

[3] Natural gas index (2010=100)

| | | | |
|---|---|---|---|
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |
| IX | 101,9 | 68,0 | 393,3 |
| X | 122,1 | 64,7 | 385,2 |
| XI | 124,4 | 63,6 | 368,7 |
| XII | 115,88 | 62,7 | 335,5 |
| 2026 I | 150,41 | 66,8 | 415,9 |
| II | 113,29 | 71,2 | 397,6 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеци од 2026 година изнесува 3.138,1 милиони евра и бележи раст од 2,4% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари – февруари 2026 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,0 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 57,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена, учеството на трговската размена со Германија во првите два месеци од 2026 година изнесува 20,9% и е зголемено за 0,1 п.п. во однос на истиот период од 2025 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*




Извор:

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - февруари 2026 година изнесува 1.258,6 милиони евра и бележи раст од 2,4% (29,1 милиони евра) во однос на истиот период од 2025 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 7,3% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2026 година изнесува 727,2 милион евра и бележи раст од 11,8% (76,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 5,7% споредено со февруари 2025 година.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2026 година извозот бележи раст од 36,8% (195,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 22,7%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Вредноста на извозот на храна во првите два месеци од 2026 година е намалена за 2,9 милиони евра, што претставува пад од 4,9% во однос на истиот период од 2025 година, а количината на извезената храна е намалена за 2,0%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите два од 2026 година изнесува 5,4% и е намалено за 0,4 п.п. во однос на истиот период од 2025 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (31,9%), жита и преработки од жита (29,5%), млечни производи и јајца (11,3%) и кафе, чај, какао, зачини и производи од нив (9,1%).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите два месеци од 2026 година изнесува 1.879,6 милиони евра и бележи раст од 2,4% (44,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2025 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 16,9%.

Вредноста на увозот во февруари 2026 година изнесува 1.084,2 милиони евра и бележи раст од 10,0% (98,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2025 година, а увезените количини стоки се намалени за 5,1% споредено со февруари 2025 година.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Анализирано на месечно ниво, во февруари 2026 година увозот бележи раст од 36,3% (288,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 16,7%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите два месеци од 2026 година е зголемена за 0,8 милиони евра, што претставува раст од 0,5% во однос на истиот период од 2025 година, а количината на увезената храна е намалена за 2,8%. Во првите два месеци од 2026 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,5% и е намалено за 0,2 п.п. во однос на истиот период од 2025 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (22,0%), овошје и зеленчук (17,4%), жита и преработки од жита (12,9%), разни производи за исхрана и преработки (12,8%), кафе, чај, како, зачини и производи од нив (12,4%) и млечни производи и јајца (11,2%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2025 | I-II-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 12.4 | 14.1 | 1.7 | 13.7 |
| Мил. ЕУР | 9.5 | 9.3 | -0.2 | -2.2 |
| Мил.$ | 9.8 | 10.9 | 1.1 | 11.1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2025 | I-II-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 161.7 | 196.7 | 35.0 | 21.6 |
| Мил. ЕУР | 117.6 | 103.7 | -14.0 | -11.9 |
| Мил.$ | 122.0 | 122.1 | 0.0 | 0.0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2025 | I-II-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 54.9 | 56.6 | 1.7 | 3.1 |
| Мил. ЕУР | 325.4 | 379.4 | 53.9 | 16.6 |
| Мил.$ | 338.2 | 447.0 | 108.8 | 32.2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2025 | I-II-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 77.8 | 73.9 | -3.9 | -5.1 |
| Мил. ЕУР | 219.7 | 220.8 | 1.1 | 0.5 |
| Мил.$ | 228.2 | 260.1 | 31.9 | 14.0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2025 | I-II-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 122.9 | 106.0 | -16.9 | -13.8 |
| Мил. ЕУР | 90.2 | 74.0 | -16.2 | -18.0 |
| Мил.$ | 93.6 | 87.1 | -6.5 | -6.9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2025 | I-II-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 132.6 | 101.0 | -31.6 | -23.9 |
| Мил. ЕУР | 83.8 | 59.5 | -24.3 | -29.0 |
| Мил.$ | 87.0 | 70.1 | -16.9 | -19.4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во февруари 2026 година, трговскиот дефицит се зголеми за 6,5% односно 21,9 милиони евра споредено со февруари 2025 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - февруари 2026 година, трговскиот дефицит се зголеми за 2,5% односно 15,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки, стока за широка потрошувачка, храна и пијалоци, намалување на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со производи за инвестиции (без транспортна опрема), и горива и мазива.

Во првите два месеци од 2026 година, најголем дел од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, САД, Србија, Италија и други. Значително најголем суфицит е остварен во размената со Германија, а потоа следуваат: Косово, Унгарија, Словачка, Чешка и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,1% од трговската размена во периодот јануари – февруари 2026 година е реализирана во евра, непроменета во однос на истиот период од 2025 година. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,9% и 88,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,5 п.п, додека кај увозот е намалена за 1,7 п.п. во однос на периодот јануари – февруари 2025 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-II - 2025 | | | | | I-II - 2026 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1,063.4 | 1,655,779,577 | 61.5284 | 101,877,440,049 | 90.2 | 825.6 | 1,663,635,038 | 61.6263 | 102,523,643,728 | 88.5 | 7,855,461 | 0.47 |
| УСД | 86.7 | 170,051,560 | 59.2858 | 10,081,648,548 | 8.9 | 129.6 | 232,821,840 | 52.3541 | 12,189,177,870 | 10.5 | 62,770,279 | 36.9 |
| ГБП | 0.3 | 3,005,922 | 73.6740 | 221,458,254 | 0.2 | 0.3 | 2,300,170 | 70.8850 | 163,047,577 | 0.1 | -705,752 | -23.5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1,150.4 | | | 112,180,546,852 | 99.2 | 955.4 | | | 114,875,869,175 | 99.1 | | |
| вк извоз: | 1,153.9 | | | 112,917,053,298 | 100.0 | 959.1 | | | 115,860,799,167 | 100.0 | | 2.6 |

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – февруари 2026 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 49.257 милиони денари, што претставува 13,1% од планираниот износ за 2026 година, односно зголемување за 1,3% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2025 година. Во рамки на вкупните приходи, 44.811 милион денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 13,3% од планираниот износ за 2026 година и се забележува раст од 2,2% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 26.685 милиони денари (реализација од 12,6% од планираниот износ за 2026 година и зголемување за 0,4%), додека придонесите се реализирани во износ од 17.917 милиони денари (годишен раст од 5,1%, односно 14,7% од планираниот износ за 2026 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 9,7%, данок на добивка за 18,1%, акцизи за 7,6%, увозни давачки за 4,6% и другите даночни приходи за 9,6%, додека приходите по основ на данок на додадена вредност бележат намалување за 10,4%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување за 25,4%, капиталните приходи за 27,0%, додека приходите по основ на странски донации бележат пад од 72,3%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – февруари 2026 година изнесува 67.894 милиони денари, што претставува 16,4% од годишниот план, и бележи зголемување од 15,7% во однос на истиот период од 2025 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 59.821 милион денари или 16,0% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 7,3% во однос на истиот период од 2025 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 9,0%, за стоки и услуги за 49,4%, а каматните расходи се намалени за 2,7%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 5,0%, водени од растот кај социјалните трансфери за 15,2%, расходите за здравствена заштита за 8,0%, блок и наменските дотации за 7,4% и субвенции и трансфери за 16,5%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 8.073 милиони денари и се повисоки за 179,7% во споредба со истиот период од 2025 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – февруари 2026 година во однос на планираниот износ изнесува 20,1%.

**Табела 3.1.** Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари - февруари 2026 година

| | Буџет 2026 | јануари-февруари 2026 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **374.935** | **49.257** | **1,3%** | **13,1%** |
| **Даноци и придонеси** | **335.971** | **44.811** | **2,2%** | **13,3%** |
| Даноци | 211.329 | 26.685 | 0,4% | 12,6% |
| Данок на личен доход | 38.797 | 5.230 | 9,7% | 13,5% |
| Данок на добивка | 26.572 | 2.979 | 18,1% | 11,2% |
| ДДВ | 92.506 | 11.065 | -10,4% | 12,0% |
| Акцизи | 35.838 | 4.920 | 7,6% | 13,7% |
| Увозни давачки | 16.597 | 2.342 | 4,6% | 14,1% |
| Други даночни приходи | 1.019 | 149 | 9,6% | 14,6% |
| Придонеси | 121.822 | 17.917 | 5,1% | 14,7% |
| **Неданочни приходи** | **29.060** | **3.847** | **25,4%** | **13,2%** |
| **Капитални приходи** | **2.510** | **174** | **27,0%** | **6,9%** |
| **Странски донации** | **7.394** | **425** | **-72,3%** | **5,7%** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **414.174** | **67.894** | **15,7%** | **16,4%** |
| **Тековни расходи** | **374.052** | **59.821** | **7,3%** | **16,0%** |
| Плати и надоместоци | 52.628 | 8.131 | 9,0% | 15,4% |
| Стоки и услуги | 28.177 | 4.293 | 49,4% | 15,2% |
| Трансфери | 271.970 | 43.565 | 5,0% | 16,0% |
| Социјални трансфери | 206.268 | 33.404 | 15,2% | 16,2% |
| ПИОСМ | 136.420 | 22.338 | 18,9% | 16,4% |
| Паричен надоместок за невработени лица | 3.576 | 446 | 76,3% | 12,5% |
| Социјална помош | 12.459 | 2.519 | 2,6% | 20,2% |
| Здравствена заштита | 53.813 | 8.101 | 8,0% | 15,1% |
| Други трансфери | 62.871 | 9.750 | -20,3% | 15,5% |
| Камата | 21.277 | 3.832 | -2,7% | 18,0% |
| **Капитални расходи** | **40.122** | **8.073** | **179,7%** | **20,1%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-39.239** | **-18.637** | **85,3%** | **47,5%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-февруари 2026 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-февруари 2026 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – февруари 2026 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 18.637 милиони денари, што претставува 1,7% од проектираниот БДП за 2026 година, односно 47,5% од годишниот план.



**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – февруари 2026 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 17.888 милиони денари или 22,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (77,8%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 13.923 милиони денари или 22,3% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, коjашто учествува со 13,9% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 20,7% (2.482 милиона денари) од планираните за 2026 година.



**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-февруари 2026 година)*

Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 7.208 милиони денари, што е 15,7% од вкупниот буџет за 2026 година. Најголем дел од расходите (55,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.977 милиони денари или 15,6% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,8%, за што се потрошени 1.718 милиони денари, односно 15,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – февруари 2026 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 2.456 милиони денари, што претставува 14,8% од сопствениот буџет за 2026 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 74,3%, за што се потрошени 1.825 милиони денари или 16,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,8%. За таа намена беа реализирани 389 милиони денари или 12,9% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 975 милиони денари што претставува 12,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 97,0% во вкупните

расходи, реализирани се 14,0% од планираните средства за цела година, односно 946 милиони денари.

Во периодот јануари – февруари 2026 година, Министерството за одбрана реализира 2.440 милиони денари, што е 11,0% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 42,0%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.025 милиони денари (15,3% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествуваат со 25,6% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 624 милиони денари, односно 14,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – февруари 2026 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 960 милиони денари, односно 21,8% од планираните средства за 2026 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со 77,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 740 милиони денари (68,9% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 468 милиони денари или 6,2% од вкупниот буџет за 2026 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 48,1%, за што се потрошени 225 милиони денари или 6,4% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 209 милиони денари (6,1% од планираното за годината) и учество од 44,7% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – февруари 2026 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 5.664 милиони денари, што е 42,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 97,2% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (5.508 милиони денари или 45,0% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 274 милиони денари, што претставува 14,7% од предвидените за 2026 година. Плати и надоместоци (143 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 52,2%, а притоа се реализирани 15,0% од планираните. По основ на Стоки и услуги отпаѓаат 38,4% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 105 милиони денари или 40,6% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/)*.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Новвработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во февруари 2026 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 14.852 новозасновани работни односи[4]. Во однос на истиот период од 2025 година, вкупниот број новвработени лица е намален за 7,8%.

Од вкупниот број новвработени, 41,4% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во февруари 2026 година, 14,8% се од евиденцијата на невработени.

[4] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

Вкупниот број невработени лица во февруари 2026 година изнесува 131.924, од кои 89.340 лица се активни баратели на работа, а 42.584 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,1%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на јануари 2026 година, бројот на невработени е намален за 1.207 лица.

Најголем дел од активните невработени лица (58,9%) е градско население, а според половата структура 47,8% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,7% е со непотполно средно образование или помалку, 23,9% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,9% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 57,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 14,6% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во јануари 2026 година изнесувала 46.617 денари и остварила годишен раст од 8,3%, а во однос на декември 2025 година таа е пониска за 0,6%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јануари 2025 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (12,9%), Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (11,1%) и Преработувачка индустрија (10,5%). Во јануари 2026 година, реалните плати забележаа годишен раст од 4,9%. Највисока просечна нето-плата во јануари 2026 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (86.190 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (107.016 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

63.019 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 59.786 денари и секторот Рударство и вадење камен со 58.934 денари.

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, јануари 2026 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2026 година изнесувала 70.066 денари и споредено со истиот месец од 2025 година пораснала за 8,3%, а на месечна основа таа е пониска за 0,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јануари 2026 година во однос на јануари 2025 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (13,2%), Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (10,7%) и Преработувачка индустрија (10,6%).

## Пензии

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија *(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Во февруари 2026 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 346.610 пензионери. Во јули 2025 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2025 година е предвидено линеарно покачување на сите видови пензии и тоа 1.000 денари оваа есен и 1.000 денари пролетта 2026 година. Ова значи дека во наредните неколку месеци пензиите на сите пензионери ќе пораснат линеарно за дополнителни 2.000 денари. Од вкупниот број пензионери, 72,0% се корисници на старосна пензија или 249.408 пензионери, 21,2% на семејна пензија или 73.582 пензионера и 6,8% на инвалидска пензија, односно 23.620 пензионери.

Просечната пензија во февруари 2026 година изнесува 27.085 денари, што покажува дека таа е повисока за 14,3% во однос на истиот месец од 2025 година[5]. Просечната старосна пензија во февруари 2026 година изнесува 28.676 денари, просечната инвалидска пензија 24.647 денари, а просечната семејна пензија 22.477 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 9.257 милиони денари, што претставува 53,4% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во февруари 2026 година со просечната исплатена плата во јануари 2026 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,1%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за февруари 2026 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| семејни | 73.582 | 21,2% | 22.477,00 |
| инвалидски | 23.620 | 6,8% | 24.647,00 |
| старосни | 249.408 | 72,0% | 28.676,00 |

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 346.610 | 100,0% | 27.085,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 26 | | 16.887,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 660 | | 35.475,00 |
| **Вкупно** | 347.296 | | 27.101,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Народната банка воведе нова оперативна монетарна рамка, од декември 2025 година, при што основен инструмент стана 7-дневните благајнички записи со каматна стапка од 4%, наместо претходниот инструмент со рок на доспевање од 7 недели и каматна стапка од 5,35%. Со новата рамка, банките добија можност да ги пласираат своите вишоци на ликвидност кај Народната банка на седум дена по утврдена каматна стапка, во рамки на јасно дефиниран каматен коридор за краткорочните операции. Ова овозможува појасна насока за движењето на каматните стапки, подобра монетарна трансмисија и придонесува кон одржување на стабилноста на финансискиот систем



Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (февруари 2026 година)
Извор: НБРСМ.



Графикон 5.2: Депозити и кредити (*стапки на раст во %*)
Извор: НБРСМ.

### Примарни пари

Во февруари 2026 година, примарните пари[6] се зголемија за 1,1% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 2,5%, додека готовите пари во оптек се намалија за 0,4%.

Во февруари 2026 година, примарните пари се зголемија за 17,0% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 21,9% и 12,3%, соодветно.

### Депозитен потенцијал[7]

Во февруари 2026 година, вкупните депозити на банките се намалија за 0,1%

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалија за 1,7%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,8%.

Од аспект на валутата, во февруари 2026 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 0,3%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,3%.

Во февруари 2026 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 9,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 13,0%, а депозитите во странска валута за 5,4%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 9,0% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 11,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2026 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***654.338*** | ***-0,1%*** | ***9,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *401.737* | *-0,3%* | *13,0%* |
| *Странска валута* | *252.601* | *0,3%* | *5,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *236.124* | *-0,2%* | *7,1%* |
| *Долгорочни* | *161.011* | *1,3%* | *6,7%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***562.560*** | ***0,2%*** | ***12,6%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *367.744* | *0,5%* | *19,4%* |
| *Странска валута* | *194.816* | *-0,2%* | *1,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *86.360* | *-1,7%* | *10,3%* |
| *Долгорочни* | *462.312* | *0,7%* | *14,1%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 7,1%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 6,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 61,4%.

## Кредити на банките

Во февруари 2026 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,2% на месечно ниво, во услови на пад на кредитирањето на претпријатијата за 0,2% и раст кредитирањето на домаќинствата за 0,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,5%, додека девизните кредити се намалија за 0,2%.

На годишна основа, во февруари 2026 година вкупните кредити се зголемија за 12,6%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 14,3% и 11,3%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,4%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 1,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 14,1%, а краткорочните кредити од 10,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во февруари 2026 година, вкупната каматна стапка на кредитите остана непроменета во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,73%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 5,06%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше раст од 0,01 п.п. и изнесува 4,15%.

Во февруари 2026 година, вкупната каматна стапка на депозитите се намали за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,19%. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 2,70%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнасува 1,65%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,93%, а на новоодобрените девизни кредити 3,69%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,70% и 2,03%.

## Пазар на капитал

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во февруари 2026 година се намали за 10,0% на месечно ниво, како резултат на падот од прометот од блок трансакциите за 13,5% додека прометот од класичното тргување се зголеми за 5,7%.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2026 година изнесува 897,8 милиони денари, што претставува раст од 34,6% на годишно ниво.

На крајот на февруари 2026 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.143,73 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 1,7%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е намален за 4,8%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на февруари 2026 година е 5.558,02 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 0,8%, а во однос на февруари 2025 година девизните резерви се зголемени за 14,3%.